## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и со folијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

NPK 31-0-0 може да најде широка примена во земјоделското производство, во сите фази на раст и развиток на земјоделските култури, а особено се препорачува во фазата на вегетативен пораст и во фазата на цветање и на почетно плодоносење. NPK 31-0-0 е ѓубриво во коешто азотот се наоѓа во сите три форми (амонијачна, нитратна и амидна), со што се овозможува сигурна и избалансирана исхрана со азот. NPK 31-0-0, се препорачува за почва со голем дефицит на азот, а со добро обезбедени други макрохранливи елементи. Поради својата единечна формулација многу лесно може да се комбинира со други поединечни или сложени ѓубрива. Како резултат на апликацијата на NPK 31-0-0 растенијата правилно се развиваат, формираат квалитетна вегетативна маса, односно даваат стабилни и квалитетни приноси.

Се препорачува NPK 31-0-0 да се аплицира преку системот капка по капка, а може да се применува и со микродождење, фолијарна апликација или со полевање. Може да се комбинира со системот за микронаводнување и фолијарно.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 m$^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 6 апликации на 4-5 дена | 6 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Полјоделски култури | Почеток на вегетацијата или формирање на плодови | 3 апликации | 5 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Заврзување и пораст на плод-зрно* | 4 апликации на 6 дена | 6 l ѓубриво со најмалку 4500 l вода |

*Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување).

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 m² со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 1-2 апликации на 15-20 дена | 200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Пољоделски култури | Почеток на вегетацијата или формирање на плодови | 2-3 апликации | 400 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Цветање и пораст на плод-зрно | 1-2 апликации на 15-20 дена | 200 ml ѓубриво со 100 l вода |

Ефектот од фолијарната апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

**НАПОМЕНА**
NPK 31-0-0 може да се употребува поединечно или во комбинација со многу други ѓубрива, но не се препорачува да се меша со киселини кои се користат како ѓубрива, со калциум амониум нитрат или со раствори подготвени од калциум нитрат. Не смее да се меша со бордовска чорба и со други силни алкални и кисели средства. При комбинација со пестициди се препорачува да се прочита упатството за аплицирање на пестицидот или за активната материја на пестицидот.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
5 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Вкупен азот (N) | (31,0 ± 1,0 ) % |
| $NH_4NO_3$ | (37,0 ± 2,0 ) % |